# Мониторинг бриф за месец август 2016 година од следењето на Поглавјето 23 - правосудство, борба против корупција и темелни права

## 1. Владеење на правото и правна сигурност

### Специјално јавно обвинителство

Во текот на месец август Специјалното јавно обвинителство ја извести јавноста дека поднело барање до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, за доставување на предметот против лицето З. Б., кој неодамна беше екстрадиран од Република Србија во Република Македонија. Имено, се работи за предмет против обвинетиот З. Б. кој е дел од случајот „Шпион“ за кој веќе Специјалното јавно обвинителство има воспоставено надлежност[1].

Од страна на специјалната јавна обвинителка Катица Јанева на 15.08.2016 година беше дадена изјава дека во периодот што следи ќе има зголемена фреквенција на лица кои, согласно Законот за кривичната постапка, се повикуваат за да дадат изјави кои можат да бидат од корист за разјаснување на околности по повод сите постапки кои се отворени во овој период. Постапките се однесуваат на досега објавените и необјавени неовластено прислушкувани разговори.

До крајот на месец август медиумите известија за дел од лицата кои одговориле на поканата да се јават во Специјалното јавно обвинителство и тоа за: поранешната министерка за внатрешни работи Гордана Јанкулоска, која беше повикана да даде исказ во врска со случајот Тврдина,сегашниот градоначалник на Општина Центар Андреј Жерновски, поранешната пратеничка и сегашен член на Државната изборна комисија Силвана Бонева, претседателот на политичката партија Демократска партија на албанците Мендух Тачи, поранешниот министер за култура Арифхикмет Џемаили член на ДПА, претседателот на Партијата за целосна еманципација на Ромите Самка Ибраимоски, бизнисменот Орце Камчев, министерката за култура Елизабета Канческа – Милеска, поранешниот министер за транспорт и врски Миле Јанакиески. Поранешната министерка за внатрешни работи Гордана Јанкулоска, која беше повикана да даде исказ во врска со случајот Тврдина[2] реагираше дека не и е овозможен увид во списите од предметот, поради што не даде исказ пред обвинителството[3].

[1] Соопштението до јавноста можете да го прочитате на веб страната на Специјалното јавно обвинителство преку следниот линк: http://www.jonsk.mk/2016/08/11/11-08-2016/

[2] Во случајот „Тврдина“ кој го отвори СЈО во март годинава се сомничат началници и министер за внатрешни работи дека во 2015 незаконски уништиле опрема за следење на комуникациите.

[3] http://www.slobodnaevropa.mk/a/27928755.html

## 2. Темелни права

### Слобода на изразување и плурализам во медиумите

Откако во јули беа донесени неколку нови одлуки во областа на функционирањето на медиумите во Македонија, пропратени со одлуките околу Пржинскиот договор, опозициската СДСМ побара одговорност од страна на Агенцијата за визуелни и медиумски услуги и измена на Методологијата за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за предвремените парламентарни избори што ќе се одржат во 2016 година, која Советот на Агенцијата ја усвои едногласно во петокот. Според АВМУ разликата меѓу Методологијата што ја користела при мониторингот на изборното медиумско претставување од 15 април до 14 мај годинава и сегашната Методологија е резултат на искуството од тој период и настојување да се најде решение за проблемите со кои се соочиле тогаш, а кои во меѓувреме останале отворени.
„Кога во јули беа донесени измените на Изборниот законик, укажува АВМУ, останал нерешен проблемот со недостигот од критериум за постигнувања баланс во известувањето во периодот пред почетокот на изборната кампања. При носењето на измените не се водело сметка дека критериумот од Законикот кој се однесува на пропорционалност во известувањето според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници (член 75-а) – не може да се примени пред да започне изборната кампања зашто потврдувањето на листите се случува дури непосредно пред нејзиниот почеток“.[4]

### Слобода на собирање и здружување, вклучително слобода на формирање политичка партија и основање синдикати

Вработените на МЗТ Леаринца во текот на месец август протестираа поради неисплатени плати, придонеси и здравствено осигурување, како и кршење на многу закони во фирмата. Вработените велат дека откако почнале да протестираат на улиците, добиле одговор од кабинетот на Емил Димитриев дека сите институции се на терен и дека инспекторите работат на случајот, но ефект до сега нема. Револтирани од нефункционалноста на институциите, вработените во МЗТ Леарница велат дека доколку и после пријавите не се преземе ништо, ќе одат до крај со порадикални мерки.
Љупчо Чекаловиќ, претседател на синдикалната организација на еден од собирите истакна: „Протестиравме пред фирмата, но откако немаше никаков одговор од работодавците, почнавме да пријавуваме во сите инспекции, пријавивме во Управата за јавни приходи, Министерство за труд и социјална политика, трудова инспекција, јавен обвинител, во финансова полиција, но немаме никаков одговор дали преземале нешто и што се случува. Бараме од институциите да се

---

[4] http://telegraf.mk/aktuelno/makedonija/ns-newsarticle-agencijata-za-mediumi-mu-odgovori-na-zaev-so-metodologijata-ne-se-krsi-izborniot-zakonik.nspx

ангажираат да испитаат дали и како таму се работело, ништо друго не бараме од државата. Бараме од владата, имаме доставено барање за средба со претседателот на Собрание, со премиерот, затоа што од институциите на понизок ранк нема одговор.“[5]

## 3. Мерки за борба против расизам и ксенофобија

Имајќи ја предвид граничната состојба при комуникацијата во јавната сфера, во македонското општество е постојано нагласена спротивставеноста помеѓу правото на говор од една страна и говорот на омраза од друга. На ова линија, потребата од јасна диференцијација помеѓу овие два института е евидента и Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија во текот на месец август спроведе две јавни кампањи: 1) билборд кампања наменета за покренување на свеста на граѓаните за препознавањето и пријавувањето на говор на омраза, но истовремено и за потсетување на надлежните институции за нивната обврска за ефикасна заштита на жртвите на говор на омраза;[6] 2) во соработка со Општина Центар и основните училишта (ОУ Кирил и Методиј, ОУ Коле Неделковски, ОУ Кочо Рацин, ОУ 11 Октомври, ОУ Гоце Делчев и ОУ Димитар Миладинов) поддржа група на млади уметници кои со свои цртежи/графити изразија пораки спротивни на говорот на омраза.[7]

[5] http://a1on.mk/wordpress/archives/640979
[6] http://mhc.org.mk/announcements/450#.V9mHgJh97IU
[7] http://mhc.org.mk/announcements/453#.V9mHdph97IU